# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
# LAMAL/ЛАМАЛ
# 25 mg, 50 mg, 100 mg и 200 mg таблети
*(lamotrigine)*

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
- Чувајте го упатството, можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите некоја несакана појава известете го Вашиот доктор или фармацевт. Тоа вклучува и несакани појави што не се наведени во ова упатство (видете го делот 4).

**Упатството содржи:**


1. Што претставува Ламал и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Ламал
3. Како да се употребува Ламал
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Ламал
6. Содржина на пакувањето и дополнителни информации


## 1. Што претставува Ламал и за што се употребува

Ламал (ламотригин) спаѓа во групата лекови наречени *антиепилептици*. Се користи за лекување **епилепсија** и **биполарно нарушување**.

**Епилепсија**
Ламал ги блокира сигналите во мозокот коишто се одговорни за настанување на епилептичните напади. Се користи за лекување различни типови епилепсија кај возрасни и кај деца.
- Ламал може да се користи како монотерапија (единствен лек) или во комбинација со други антиепилептици за лекување епилепсија кај возрасни и кај деца на возраст од 13 години и постари. Ламал, исто така, може да се користи заедно со други лекови за лекување напади коишто се појавуваат во склоп на синдромот Ленокс-Гасто.
- Кај деца на возраст од 2 до 12 години, Ламал може да се користи во комбинација со други лекови за лекување на истите состојби. Исто така, Ламал може да се користи како монотерапија (единствен лек) за лекување посебен вид епилептични напади, таканаречени апсенс-напади.

**Биполарно нарушување**
Ламал се користи за лекување биполарно нарушување.
Пациентите со биполарно нарушување, кое некогаш се нарекува и *манична депресија*, имаат екстремни промени во расположението – периоди на манија (возбуда или еуфорија) кои се заменуваат со периоди на депресија (длабока тага или очај). Кај пациенти на 18-годишна возраст или постари, Ламал може да се користи како единствен лек или во комбинација со други лекови за да ја спречи појавата на депресија којашто се јавува кај пациенти со биполарно нарушување. Сè уште не е познато како

Ламал дејствува на мозокот за да го постигне овој ефект.

## 2. Што мора да знаете пред да употребите Ламал

**Немојте да употребувате Ламал ако сте алергични** (преосетливи) на ламотригин или на која било од помошните супстанции на лекот наведени во делот 6.

Ако ова се однесува на Вас, **известете го Вашиот доктор** и не земајте Ламал.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

**Бидете особено претпазливи со Ламал.**
**Разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт пред да употребите Ламал ако:**
- **имате проблеми со бубрезите;**
- **Ви се појавил кожен исип** по земањето ламотригин или други лекови за лекување епилепсија или биполарно нарушување;
- **Ви се појави кожен исип по земањето ламотригин или изгореница по изложеност на сонце или на вештачка светлина, како на пример солариум** (Вашиот доктор ќе ја провери Вашата терапија и, можеби, ќе Ве посоветува да избегнувате сончева светлина или да се заштитите себеси од сонцето со, на пример, употреба на крем за заштита од сонце и/или носење заштитна облека);
- **сте имале менингитис по земањето ламотригин** (прочитајте ги симптомите во делот 4: Ретки несакани ефекти);
- **веќе земате лек којшто содржи ламотригин;**
- **имате нарушување наречено синдром Бругада или други проблеми со срцето.** Синдром Бругада е генетско нарушување коешто резултира со абнормална електрична активност на срцето. Ламотригинот може да иницира појава на неправилности на ЕКГ коишто може да доведат до аритмија (неправилен срцев ритам).

Ако нешто од наведеното се однесува на Вас, **известете го Вашиот доктор,** кој може да реши да Ви ја намали дозата или да ја прекине терапијата со ламотригин.

**Важна информација за потенцијални животозагрозувачки реакции**
Кај мал број пациенти што примале ламотригин се појавила алергиска реакција или потенцијална животозагрозувачка кожна реакција којашто може да доведе до посериозни проблеми доколку не се лекува. Потенцијални животозагрозувачки реакции се Стивенс-Џонсонов синдром, токсична епидермална некролиза и системска реакција на лекот со еозинофилија, т.н. синдром DRESS. Потребно е да ги знаете симптомите на овие реакции ако го земате лекот Ламал. Овој ризик може да е асоциран со варијанта на гените кај индивидуи со азиско потекло (главно Хан Кинези и Тајландци). Ако Вие имате вакво потекло и претходно сте биле тестирани како носител на оваа варијанта на генот (HLA-B* 1502), разговарајте со Вашиот лекар пред да започнете да го земете лекот.
→ **Прочитајте го описот на симптомите на наведените кожни реакции во делот 4 од ова упатство** – *„Потенцијални животозагрозувачки реакции – веднаш побарајте помош од доктор“.*

**Хемофагоцитна лимфохистиоцитоза**
Кај пациенти што земале ламотригин се пријавени случаи на ретка, но сериозна реакција на имунолошкиот систем.
→ **Веднаш контактирајте со Вашиот доктор или со фармацевт ако** Ви се појави некој од следните симптоми додека земате ламотригин: покачена телесна температура,

кожен исип, невролошки симптоми (на пр., тресење или тремор, конфузна состојба, нарушувања на мозочната функција).

**Појава на мисли за самоповредување или за самоубиство**
Антиепилептиците се користат за лекување на неколку заболувања, вклучително епилепсија и биполарно заболување. Кај пациентите со биполарно заболување понекогаш може да се појават мисли за самоповредување или за самоубиство. Вакви мисли за самоповредување и за самоубиство се појавуваат најчесто:

- во почетокот на лекувањето;
- ако претходно сте имале мисли за самоповредување или за самоубиство;
- ако сте помлади од 25 години.

Ако Ве измачуваат какви било мисли, ако се чувствувате полошо или ако Ви се појават нови симптоми, **веднаш посетете го Вашиот доктор или побарајте помош во најблиската болница.**
**Може да биде корисно да кажете на член од семејството, на старател или на близок пријател дека може да станете депресивни или да имате значителни промени во расположението додека го примате овој лек и да ги замолите да го прочитаат ова упатство. Можете да ги замолите да Ви кажат ако забележат дека сте депресивни или ако воочат други промени во Вашето однесување.**

Кај мал број пациенти што примале ламотригин за лекување епилепсија, исто така, се појавиле мисли за самоповредување и за самоубиство. Ако во кое било време Ви се појават вакви мисли, веднаш јавете се на доктор.

**Ако примате Ламал за лекување епилепсија**
Кај некои видови епилепсија нападите може да се појават во потешка форма или да зачестат додека го земате лекот Ламал. Кај некои пациенти може да се појават тешки напади коишто може да предизвикаат сериозни здравствени проблеми. Ако Вашите напади зачестат или ако Ви се појават потешки форми на напади додека го земате лекот Ламал, **посетете го Вашиот доктор најбрзо што можете.**

**Ламал не се дава на адолесценти помлади од 18 години за лекување биполарно нарушување.**
Антидепресивите го зголемуваат ризикот од појава на мисли за самоповредување и за самоубиство кај деца и кај адолесценти помлади од 18 години.

**Други лекови и Ламал**
**Известете го Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате, ако неодамна сте употребувале или ако треба да употребувате други лекови**, вклучувајќи и билни лекови и лекови што се земаат без рецепт.

Особено е важно да му кажете на Вашиот доктор ако земате некој лек за лекување епилепсија или некое ментално заболување бидејќи дозата на ламотригинот ќе треба да се приспособи. Такви лекови се:

- **окскарбазепин, фелбамат, габапентин, леветирацетам, прегабалин, топирамат** или **зонисамид** – за лекување **епилепсија**;
- **литиум, оланзапин** или **арипипразол** – за лекување некои **ментални заболувања**;
- **бупропион** – за лекување **душевни болести** и за **откажување од зависност од цигари**;
- **парацетамол** – за лекување **болка** и **треска**.

→ **Известете го Вашиот доктор** ако примате некои од наведените лекови.

Истовремената употреба на Ламал со некои од долунаведените лекови може да резултира со појава на несакани ефекти:

- **валпроат** и **карбамазепин** – за лекување некои **ментални заболувања** и **епилепсија**;
- **фенитоин, примидон** и **фенобарбитон** – за лекување **епилепсија**;
- **рифампицин** – **антибиотик**;
- **рисперидон** – за лекување некои **ментални заболувања**;
- комбинациите **лопинавир-ритонавир** или **атазанавир-ритонавир** – за лекување **инфекција со ХИВ**;
- **хормонални контрацептиви** (*видете подолу во упатството*).

→ **Кажете му на Вашиот доктор** ако употребувате, ако треба да употребувате или ако ја прекинете употребата на некој од наведените лекови.

**Хормоналните контрацептиви може да влијаат на начинот на којшто дејствува лекот Ламал**

Вашиот доктор може да Ви предложи посебна форма на хормонална контрацепција или друг вид контрацепција (на пр., кондом, дијафрагма или спирала). Ако земате хормонални контрацептиви, Вашиот доктор може почесто да ја контролира концентрацијата на Ламал во Вашата крв. Ако употребувате хормонални контрацептиви или ако планирате да почнете да ги употребувате, **разговарајте со Вашиот доктор,** кој ќе Ви го препорача најсоодветниот метод на контрацепција за Вас.

Лекот Ламал може да има ефект врз дејството на хормоналните контрацептиви, но мала е веројатноста дека ќе ги направи помалку ефективни. Доколку користите хормонални контрацептиви и забележите какви било промени во менструалниот циклус, како на пример ненадејно крвавење, дури и во најмало количество, надвор од периодот на менструалниот циклус, **известете го Вашиот доктор за тоа.**
Тоа може да биде знак дека лекот Ламал влијае на ефективноста на контрацептивот.

**Бременост и доење**

→ **Ако сте бремена, ако мислите дека сте бремена или ако планирате да забремените, посоветувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да го примите овој лек.**

- **Не смеете да го прекинувате лекувањето со лекот Ламал без да се консултирате со Вашиот доктор,** особено ако го примате за лекување епилепсија.
- Бременоста ја менува ефикасноста на лекот Ламал и затоа Вашиот доктор може да направи крвни анализи и да ја промени дозата што ја примате.
- Има мал ризик од појава на дефекти кај фетусот, вклучувајќи и расцеп на устата и на непцето, ако се прима ламотригин во првите три месеци од бременоста.
- Вашиот доктор, можеби, ќе Ве посоветува да примате поголема доза **фолна киселина** ако планирате да забремените или ако веќе сте бремена.

→ **Ако доите или ако планирате да доите, посоветувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да го примите лекот.** Активната супстанција ламотригин се излачува во млекото и може да влијае врз развојот на Вашето дете. Докторот ќе Ви укаже на ризиците и на придобивките од доењето и доколку, сепак, решите да доите, ќе го прегледува детето одвреме-навреме за да види дали ќе се појави сонливост, исип или бавно зголемување на телесната тежина. Информирајте го Вашиот доктор ако забележите некој од наведените симптоми кај Вашето бебе.

**Влијание врз способноста за возење и за ракување со машини**
Лекот Ламал може да предизвика вртоглавица и двоен вид.
→ **Не возете и не ракувајте со машини додека не бидете сигурни дека Ламал не влијае на Вас на ваков начин.**

**Ако имате епилепсија, консултирајте се со Вашиот доктор дали може да возите и да ракувате со машини.**

**Важни информации за некои помошни состојки на лекот Ламал**
**Овој лек содржи помалку од 1 mmol натриум (23 mg) во таблета,** така што може да се каже дека е без натриум.

## 3. Како да се употребува Ламал

**Секогаш земајте го лекот Ламал точно онака како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевт.** Ако не сте сигурни како треба да го употребувате, разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт.

**Колкава доза Ламал да употребите**
Може да помине извесно време додека Вашиот доктор да ја определи оптималната доза Ламал за Вас. Дозата ќе зависи:
- од Вашата возраст;
- од тоа дали земате Ламал со други лекови;
- од тоа дали имате проблеми со бубрезите или со црниот дроб.

Вашиот доктор ќе го почне лекувањето со најниската доза и постепено ќе ја зголемува до оптималната доза за Вас (т.н. ефективна доза). **Не земајте поголема доза од онаа што Ви ја препишал Вашиот доктор.**

Вообичаената дневна доза Ламал за возрасни и за деца на 13-годишна возраст и постари се движи од 100 mg до 400 mg.

За деца на возраст од 2 до 12 години дозата се определува според телесната тежина и вообичаено е од 1 mg до 15 mg за секој килограм телесна тежина на детето, до максимум 200 mg дневно.

Ламал не е наменет за употреба кај деца помали од 2 години.

**Како да го употребувате лекот Ламал**
Земајте ја препишаната доза еднаш или двапати дневно, во зависност од советот на Вашиот доктор. Лекот може да се зема со храна или без храна.

Вашиот доктор може да Ве посоветува да престанете да употребувате некои лекови или да почнете да употребувате некои нови лекови, во зависност од Вашето заболување.
- **Проголтајте ја таблетата цела** - не кршете ја и не цвакајте ја.
- **Секогаш земајте ја целата доза** што Ви ја препишал Вашиот доктор – немојте да земате само дел од таблетата.

**Ако сте зеле поголема доза Ламал отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза, **Веднаш обратете се кај Вашиот доктор или побарајте помош во најблискиот ургентен центар** и, доколку е можно, покажете им го пакувањето од лекот.

Некои од несаканите ефекти што може да се појават **при земањето поголема доза се сериозни, па дури и смртоносни**. Симптомите на предозирање се:

- брзи неконтролирани движења со очите (*нистагмус*);
- нарушување на балансот и на контролата на телото (*атаксија*);
- нарушување на срцевиот ритам (што се гледа на ЕКГ);
- несвестица, епилептични напади (конвулзии) и кома.

**Ако сте заборавиле да земете една доза Ламал**
**Ако случајно сте пропуштиле една доза, земете ја наредната. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.**

**Ако сте заборавиле да земете повеќе дози Ламал**
**Посоветувајте се со Вашиот доктор како повторно да почнете да го примате лекот.**

**Не прекинувајте го земањето на лекот Ламал без совет од доктор**
Ламал мора да го земате онолку долго колку што Ви препорачал Вашиот доктор. Немојте да ја прекинувате употребата на лекот, освен ако тоа Ви го препорача Вашиот доктор.

**Ако примате Ламал за лекување епилепсија**
Ако нема потреба од нагло прекинување на терапијата, **лекувањето со Ламал се прекинува со постепено намалување на дозата** во период од најмалку две недели. Ако нагло престанете да го земате лекот Ламал, нападите може да се вратат или да се влошат.

**Ако примате Ламал за лекување биполарно нарушување**
Ќе треба да го примате лекот извесно време пред да се почувствувате подобро. Ако треба да престанете да го примате лекот, нема да има потреба од постепено намалување на дозата, но, сепак, посоветувајте се со Вашиот доктор пред да ја прекинете употребата на лекот Ламал.

**Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт.**

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите лекови, и лекот Ламал може да предизвика несакани дејства, коишто не се појавуваат кај сите пациенти.*

**Потенцијални животозагрозувачки реакции – веднаш побарајте помош од доктор**

Кај мал број пациенти што земаат ламотригин може да се појави алергиска реакција или потенцијално животозагрозувачка кожна реакција којашто може да предизвика посериозни здравствени проблеми доколку не се третира.

Овие реакции најчесто се појавуваат во првите месеци од лекувањето со ламотригин, особено кога лекувањето се почнува со поголема доза или кога дозата брзо се зголемува, како и при истовремено примање *валпроат*. Некои од овие реакции се почести кај деца и затоа родителите треба да бидат особено претпазливи доколку тие се појават.

Симптомите на овие реакции вклучуваат:
- **кожен исип и/или црвенило** кои може да предизвикаат животозагрозувачка кожна реакција, вклучувајќи распространет исип со меури и лупење на кожата, особено околу устата, носот, очите и околу гениталиите (*Стивенс-Џонсонов синдром*), изразено лупење на кожата – повеќе од 30 % од површината на кожата (*токсична епидермална некролиза*) или распространет исип со зафаќање на црниот дроб, крвта и на други органи (синдром DRESS);
- **чиреви во устата, грлото, носот и на гениталиите;**
- **болки во устата и црвенило или оток на очите** (*конјунктивитис*);
- **покачена телесна температура** (треска), симптоми слични на грип или сонливост;
- **отоци околу лицето и отечени жлезди** на вратот, под пазувите и на препоните;
- **неочекувано крвавење и појава на модринки** или помодрување на прстите;
- **болки во грлото** и почеста појава на инфекции (како настинка) од вообичаено;
- покачено ниво на ензимите на црниот дроб, што се гледа во крвните анализи;
- зголемен број еозинофили во крвта (вид бели крвни клетки);
- зголемување на лимфните јазли;
- промена на работата на повеќе органи, вклучувајќи ги црниот дроб и бубрезите.

Во многу случаи овие појави не значат почеток на некоја посериозна реакција. **Сепак, тие се потенцијално животозагрозувачки и може да предизвикаат посериозни проблеми,** како откажување на органите, доколку не се третираат. Доколку Ви се појават овие симптоми, **веднаш јавете му се на Вашиот доктор.** Вашиот доктор ќе Ве прегледа и, можеби, ќе Ви препорача да го прекинете лекувањето со Ламал. Доколку кај Вас се појави Стивенс-Џонсонов синдром или токсична епидермална некролиза, докторот ќе Ви соопшти дека никогаш повеќе нема да смеете да употребувате лек што содржи ламотригин.

**Хемофагоцитна лимфохистиоцитоза** (видете го делот 2, „Што мора да знаете пред да употребите Ламал“).

Пријавени се и следните несакани дејства:

**Многу чести** (се појавуваат кај **повеќе од 1 на 10 пациенти**):
- главоболка;
- кожен исип.

**Чести** (се појавуваат кај **помалку од 1 на 10 пациенти**):
- агресивност или раздразливост;
- сонливост или зашеметеност;
- вртоглавица;
- нарушување на движењата, што вклучува тремор (тресење);
- несоница (*инсомнија*);
- вознемиреност (*агитација*);
- пролив;
- сува уста;
- гадење или повраќање;
- замор;
- болки во грбот и во зглобовите.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE СКОПЈЕ SHKUP

**Не многу чести** (се појавуваат кај **помалку од 1 на 100 пациенти**):
- проблеми во координацијата на движењата (*атаксија*);
- двоен или заматен вид;
- косопад (*алопеција*);
- кожен исип или изгореница по изложеност на сонце или на вештачка светлина (*фотосензитивност*).

**Ретки** (се појавуваат кај **помалку од 1 на 1 000 пациенти**):
- сериозна животозагрозувачка алергиска реакција – *Стивенс-Џонсонов синдром (видете го почетокот на делот 4)*;
- воспаление на мозочните обвивки (*менингитис*) придружено со треска, гадење, повраќање, главоболка, вкочанет врат и со изразена осетливост на светлина (овие симптоми ќе исчезнат по прекинот на терапијата, а ако не исчезнат – **контактирајте со Вашиот доктор);**
- неконтролирани нагли движења на очите (*нистагмус*);
- чешање на очите со појава на исцедок и на красти на рабовите на очите (*конјунктивитис*).

**Многу ретки** (се појавуваат кај **помалку од 1 на 10 000 пациенти**):
- сериозна животозагрозувачка алергиска реакција, *токсична епидермална некролиза (видете го почетокот на делот 4)*;
- сериозна реакција со еозинофилија и со системски симптоми, т.н. *синдром DRESS (видете го делот 4)*;
- висока температура придружена со треска *(видете го делот 4);*
- оток на лицето (*едем*), оток на жлездите на вратот, пазувите и на препоните – *лимфаденопатија (видете го делот 4);*
- промени во работата на црниот дроб, коишто се гледаат во крвните анализи, или слабост на црниот дроб *(видете го делот 4);*
- тешко нарушување на згрутчувањето на крвта коешто е придружено со неочекувано крвавење и со лесно создавање модринки – *дисеминирана васкуларна коагулација (видете го делот 4);*
- хемофагоцитна лимфохистиоцитоза (видете го делот 2, „Што мора да знаете пред да употребите Ламал“);
- промени во крвната слика – намален број црвени крвни клетки (*анемија*), намален број бели крвни клетки (*леукопенија, неутропенија, агранулоцитоза*), намален број крвни плочки (*тромбоцитопенија*), намален број на сите видови крвни клетки (*панцитопенија*) и нарушување на коскената срцевина – наречено *апластична анемија*;
- халуцинации (гледање или слушање нешта што не постојат);
- конфузија (збунетост);
- нестабилен од;
- неконтролирани, повторувачки движења на телото и/или звуци и зборови (*тикови*), неконтролирани мускулни грчеви на очите, главата и на градниот кош (*хореоатетоза*) или други необични движења, како згрченост, тресење или вкочанетост;
- почеста појава на епилептични напади кај лица што боледуваат од епилепсија;
- влошување на состојбата на лица заболени од Паркинсонова болест;
- реакција слична на лупус (симптомите вклучуваат болка во грбот и во зглобовите којашто може да биде придружена со треска и со општа слабост).

**Други несакани дејства** коишто се појавиле кај мал број пациенти, чијашто фреквенција на појавување е непозната, се:
- остеопороза, остеопенија (истенчување на коските) и скршеници (кажете му на

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE

докторот ако долго време примате антиепилептици, ако имате историја на остеопороза или ако примате стероидна терапија);
- воспаление на бубрегот (*тубулоинтерстицијален нефритис)* или воспаление на двата бубрега и на окото (*синдром на тубулоинтерстицијален нефритис и на увеитис)*;
- намален имунитет поради пониски нивоа на антитела во крвта, наречени имуноглобулини, коишто му помагаат на организмот да се заштити од инфекција;
- кошмари.
- црвени јазолчиња или дамки на кожата (*псевдолимфом*).

**Ако забележите какво било несакано дејство што не е наведено во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.**

**Пријавување на несаканите дејства**
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот доктор или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство што не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите можете да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, кат 1) или по електронски пат преку веб-страницата на Агенцијата http://malmed.gov.mk/. Со пријавување на несаканите дејства придонесувате за процената на безбедноста на лекот.

## 5. Како да се чува Ламал

Лекот не бара посебни услови за чување.
Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Не употребувајте Ламал по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се фрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте фармацевт како да ги отстраните лековите што веќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. Содржина на пакувањето и дополнителни информации

**Што содржи Ламал**
- Активна супстанција: ламотригин.

Една таблета содржи 25 mg, 50 mg, 100 mg или 200 mg ламотригин.
- Помошни супстанции: калциум карбонат; алуминиум магнезиум силикат; натриум скробен гликолат; хидроксипропил целулоза; повидон; микрокристална целулоза; сахарин натриум; арома на црна рибизла; колоиден силициум диоксид, безводен; магнезиум стеарат.

**Изглед на лекот Ламал и содржина на пакувањето**
Ламал 25 mg се бели, тркалезни, биконвексни таблети.
Ламал 50 mg, Ламал 100 mg и Ламал 200 mg се бели, тркалезни, биконвексни таблети со делбена линија на едната страна.

Таблетите се спакувани во блистер (PVC/AL). Секој блистер содржи 10 или 15 таблети.
Ламал 25 mg таблети и Ламал 50 mg таблети
Кутијата содржи 30 таблети (3 блистери со по 10 таблети) и упатство за корисникот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE СКОПЈЕ SHKUP

Ламал 100 mg и Ламал 200 mg
Кутијата содржи 30 таблети (2 блистера со по 15 таблети) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број и датум на решението за промет**

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски бр. 12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Март 2024 г.